# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

# PLIVIT C / ПЛИВИТ Ц 50 mg таблети

*ascorbic acid*

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го целото упатство бидејќи содржи важни информации за Вас.**
Овој лек се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребно совет со лекар. И покрај тоа, Plivit C таблетите треба да ги употребувате претпазливо (внимателно) за да Ви бидат што повеќе од корист.
• *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
• *Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.*
• *Доколку приметите било какво несакано дејство, потребно е да го известите лекарот или фармацевтот.*

**Упатството за пациентот содржи:**
1. Што претставува ПЛИВИТ Ц таблети и за што се употребува
2. Што мора да знаете, пред да земете/употребите ПЛИВИТ Ц таблети
3. Како да земате/употребувате ПЛИВИТ Ц таблети
4. Можни несакани дејства (реакции)
5. Чување и рок на употреба на ПЛИВИТ Ц таблети
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ПЛИВИТ Ц ТАБЛЕТИ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Пливит Ц таблети содржат аскорбинска киселина (витамин Ц).
Пливит Ц таблети се користат за превенција и лекување на скорбут и при недостаток на витамин Ц во организмот (хиповитаминоза).

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ, ПРЕД ДА ЗЕМЕТЕ/УПОТРЕБИТЕ ПЛИВИТ Ц ТАБЛЕТИ

**Немојте да земате/употребувате Пливит Ц таблети:**
- ако сте пречувствителни (алергични) на аскорбинска киселина, активната супстанција на Пливит Ц таблети или на било која од другите помошни супстанции на лекот
- ако имате бубрежни каменчиња

**Бидете посебно внимателни со Пливит Ц таблети и кажете му на својот лекар:**
- ако имате бубрежни каменчиња
- ако имате недостаток на глукоза-6-фосфат дехидрогеназа (наследно нарушување на метаболизмот на црвените крвни клетки)
- ако имате хемохроматоза (нарушување на метаболизмот на железо што се одразува со зголемено складирање на железо), сидеробластна анемија (слабокрвност), таласемија (наследно нарушување на структурата на хемоглобинот)
- ако имате шеќерна болест

**Земање/употребување на други лекови**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

*Секогаш, известете го Вашиот лекар или фармацевт ако земате или неодамна сте земале било кој друг лек, вклучувајќи ги и лековите кои се издаваат без лекарски рецепт.*

Пред да започнете со земање на Пливит Ц таблети известете го Вашиот лекар доколку земате некои од следниве лекови:

- железо – бидејќи витамин Ц може да ја зголеми неговата апсорпција
- дефероксамин (лек кој се користи за отстранување на вишокот железо од телото)
- сулфонамид (антибиотици, односно лекови за лекување на бактериски инфекции)
- варфарин (лек кој спречува згрутчување на крвта) - бидејќи витамин Ц може да го намали неговото дејство
- перорални контрацептиви (лекови против зачнување) - витамин Ц го зголемува нивото на естроген во серумот што доведува до несакани дејства
- бортезомиб (лек за лекување на мултипен миелом) - бидејќи витамин Ц може да го намали терапевтското дејство на бортезомиб
- циклоспорин (лек кој се користи по пресадување на органи и кај некои потешки облици на болести како што се псоријаза, артритис и сл.) - бидејќи витамин Ц може да го намали нивото на циклоспорин

Пушењето го намалува нивото на аскорбинска киселина (витамин Ц), активната супстанција во Пливит Ц таблетите, во крвта. Аскорбинската киселина (витамин Ц) може да влијае на резултатите на некои лабараториски испитувања (на пр. одредување на глукоза во урината, функцијата на црниот дроб, одредување на билирубин, железо и феритин во крвта, одредување на pH во урина, мочна киселина и оксалати, утврдување на крварење во столицата). Затоа, поради сето наведено, престанете да земате Пливит Ц таблети 48-72 часа пред наведените испитувања.

**Бременост и доење**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете каков било лек доколку сте бремени, мислите дека сте бремени или сакате да забремените.*

- Дневната потреба на витамин Ц во текот на бременоста и доењето треба да се задоволи со правилна и разновидна исхрана.
- Бремени жени и доилки не смеат да земаат дози на аскорбинска киселина повисоки од препорачаните дневни дози поради потенцијални можни несакани последици.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**

Нема податоци дека Пливит Ц таблетите несакано влијаат врз способноста за управување со возило и ракување со машини.

## 3. КАКО ДА ЗЕМАТЕ/УПОТРЕБУВАТЕ ПЛИВИТ Ц ТАБЛЕТИ

*Секогаш земајте го лекот Пливит Ц таблети точно како што е наведено во ова упатство или како што Ви кажал Вашиот лекар. Доколку не сте сигурни повторно проверете со Вашиот лекар или фармацевт како да го земате лекот.*

За превенција на хиповитаминоза Ц кај деца препорачана доза е една

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

таблета ПЛИВИТ Ц од 50mg еднаш на ден.

Препорачана доза за лекување на скорбут кај деца е 50 mg -100 mg (1-2 таблети од 50 mg) три пати на ден, во тек на најмалку 2 седмици.

**Таблетите треба да се проголтаат цели со чаша вода.**

За лекување на скорбут кај возрасни треба да се употребуваат Plivit C таблети од 500 mg.

**Ако сте земале/употребиле поголема доза од Пливит Ц таблети отколку што треба:**
Во случај на предозирање или случајно земање на преголема количина на Plivit C таблети јавете се кај Вашиот лекар, фармацевт или во најблиската здравствена установа.

**Ако сте заборавиле да земете Пливит Ц таблети**
Доколку сте заборавиле да земете Plivit C таблети во вообичаеното време, продолжете со следната вообичаена доза. Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.

**Ако престанете да употребувате Пливит Ц таблети**
Единствената можна последица доколку престанете со земање на Plivit C таблети е дека симптомите поради кои сте почнале да ги користите повторно да се јават.

*Ако имате дополнителни прашања или нешто не Ви е јасно за употребата на овој лек, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА (РЕАКЦИИ)

*Како и сите други лекови и Пливит Ц таблети може да има несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.*

Аскорбинската киселина (витамин Ц) обично добро се поднесува.
Несаканите дејства се јавуваат обично по долготрајно земање на големи дози (перорални дози поголеми од 1 g на ден можат да предизвикаат пролив, а дози поголеми од 600 mg може да делуваат благо диуретично).
Долготрајното земање на големи дози на аскорбинска киселина може исто така да предизвика гадење, повраќање, жиговина, грчеви во стомакот, црвенило на кожата, главоболка и несоница, а ретко и хипероксалурија (високо ниво на оксалати во урината) со можност за настанување на бубрежни оксалатни каменчиња.

**Доколку забележите било какво несакано дејство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.**

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ПЛИВИТ Ц ТАБЛЕТИ

**Лекот чувајте го на места недостапни за децата!**
Пливит Ц таблети треба да се чуваат на температура до 25°C.

Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

наведен на пакувањето.
Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржат Пливит Ц таблети**
*Активна супстанција:* аскорбинска киселина
Една Пливит Ц 50 mg таблета содржи 50 mg аскорбинска киселина.

Пливит Ц 50 mg таблетите ги содржат следниве помошни супстанции: пченкарен скроб, талк, повидон и магнезиум стеарат.

**Како изгледа и што содржи пакувањето на Пливит Ц 50 mg таблети**
Пливит Ц 50 mg таблети се бели до слабо жолтеникави округли таблети со закосени рабови.

Таблетите ПЛИВИТ Ц 50 mg се достапни во пакувања од по 30 (3 x 10) таблети во блистер (PVC/PVdC//Al), во кутија.

**Назив, седиште и адреса на производителот на лекот**
PLIVA Hrvatska d.o.o.
Prilaz baruna Filipovića 25
10 000 Загреб, Хрватска

**Назив, седиште и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет**
ПЛИВА ДООЕЛ Скопје
ул.Никола Парапунов бб 1000 Скопје
Р.Македонија

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава и /или да се продава, без рецепт (БР).

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
септември 2016 година

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**